УДК 821.163.3-5

**Магдалена Ристеска**
Студентка на Катедрата за македонски јазик

Почитувани присутни,

Почитуван проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

Почитувана професор д-р Анета Дучевска, декан на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“,

Почитувана професор д-р Искра Пановска-Димкова, раководител на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици,

Почитувана професор д-р Елена Јованова-Грујовска директор на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков “,

Драги и почитувани наши професори, драги дипломирани и сегашни студенти, драги почитувачи на македонистиката,

Особена чест и задоволство ми е да ви се обратам како претставник на студентите на овој Свечен час, со кој ја славиме 75-годишнината од основањето на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Впрочем, чест е да се биде пред сѐ студент, а потоа соработник и содејствувач со врвни македонисти и научници, особено во оваа убава, јубилејна 2021 година, во која, меѓу другото, ја чествуваме и 100-годишнината од раѓањето на столбот на македонската културна ренесанса во XX век, нашиот патрон – Блаже Конески. Радоста е неизмерна што и покрај ситуацијата која го преплави светот со доза трагичност, се собравме во живо да проглаголиме збор-два за важноста и значајноста на овие јубилеи и да ја оствариме потребната меѓугенерациска дружба, при која се отвораат можностите за споделување на досегашните заеднички искуства и доживувања.

Особено ми е драго што на овој значаен ден радоста ја споделуваме заедно и во голем број го прославуваме постоењето на Катедрата и значењето на нејзината дејност за македонистиката, како наука за нашето најголемо културно и духовно богатство и наследство - македонскиот јазик. Да се изучува македонистиката значи да се биде духовно присутен во сите епохи од историјата на македонскиот народ и македонскиот јазик.

Од епохата на почетоците на словенската писменост и масовното описменување на народот, преку епохата на дејствувањето на македонските преродбеници, периодот на стандардизација на македонскиот јазик, па сè до започнувањето на современото научно проучување на јазикот, кое трае и денес. Да се изучува македонистиката значи да се воспостави и постојано да се воспоставува директен контакт со делото на сите личности кои оствариле и оставиле силен и траен печат во развојот на македонскиот јазик, литература и култура. А, македонската наука располага со богатство имиња, огромен број културни дејци, интелектуалци и творци чии јазични и книжевни акции и дела обележале одреден период во историјата. Сите тие ги почитувале работата и делата на претходните поколенија, а со својата дејност оставале аманет и за идните генерации.

Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици беспрекорно ги почитува и ги уважува делата на претходниците македонисти и ја продолжува нивната работа. А, со самото продолжување на борбата за целосна афирмација на македонскиот јазик и негово длабинско научно истражување ни го предава аманетот нам, на сегашните студенти. Воспитува, образува и подготвува млади македонисти што ќе го продолжат овој постојан и непрекинат ланец на личности на македонската историја – сподвижници на нови јазични идеи, перцепции и процеси. Професорите на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици извонредно нè подготвуваат нас студентите успешно да пловиме низ водите на македонистиката, да продолжиме да го проучуваме македонскиот јазик, да ја развиваме и негуваме љубовта кон убавиот, правилен јазичен израз и достојно да ја почитуваме јазичната норма. Меѓу другото, нè збогатуваат со научни факти и вистини за во оние несакани околности кои наложуваат неизбежен спор, храбро да ѝ се спротивставиме на секоја опасност која претставува закана за македонскиот јазик и македонскиот идентитет. Заканите не доаѓаат секогаш однадвор. Па, така, досегашното студентско искуство потврдува дека сè помасовно ни се заканува проблемот со неписменоста, неукоста, погрешната употреба на јазикот и непознавањето на јазичната норма и сопствената историја. А, војната со неписменоста е единствената пострашна војна од војната со непријателот.

За крај, би сакала во името на сите актуелни студенти да им искажам голема благодарност на сите професори на Катедрата. Посебно им благодариме на оние што ни укажуваа на грешките со цел да се искачиме некое скалило погоре и неуморно нè потткинуваат да се впуштаме во нови, сè посериозни предизвици. Драги професори, со вашето големо вложување во нашето образование, внурнување во длабочините на македонистиката

придонесувате за нашето себеспознавање и духовно растење. Вашата посветеност, истрајност и стремеж за постојано усовршување во проучувањето на главните карактеристики на македонскиот јазик, ја прави Катедрата најдоброто место за темелно совладување на безбројните начини на пренесувањето на убавината на јазикот на помладите генерации. А, несомнено, вашата дејност низ годините ја направи и вистинско седиште каде што секој вљубеник на македонскиот јазик и литература може да ја доживее македонистиката онака како што не би можел на ниедно друго место.

Да се студира македонистика е благодат, а ние како студенти сме благословени и благодарни за условите, перспективите, можностите и знаењето што ни ги нудат Катедрата и Факултетот и сериозно ја прифаќаме одговорноста за сето она што останува во наши раце! Благодариме!














НАВЕЗЕНИ
100
ГОДИНИ
ние и Конески